РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
*Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди*
Ев.бр. 14.4 - 73/1
29.01.2025година
С к о п ј е

Основната правна рамка со која се регулира делокругот на работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како внатрешен контролен механизам на работата на Министерството за внатрешни работи се Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за постапување по претставки и предлози, Законот за кривичната постапка, Кривичниот законик на РСМ, Законот за Јавното обвинителство, Законот за Народен правобранител и Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Во контекст на Стратешкиот план на МВР и споменатата правна рамка, Одделот ја донесува следната

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА

## 1.Општи напомени

Активностите содржани во програмата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се проектирани во насока на јакнење на капацитетите за ефикасно и ефективно справување со предизвиците кои ги диктира неселективната борба против незаконитото и непрофесионалното постапување на припадници на Министерството, во случаи на нивна инволвираност во кривични дејствија, непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, департизација, отчетност и транспарентност во работата, со цел остварување на утврдените приоритети и цели, за што од вработените се очекува високо ниво на професионалност, одговорност, посветеност, личен ангажман и тимска работа.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е организациска единица на Министерството за внатрешни работи која остварува внатрешна контрола за потребите на Министерството и спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на вработените во МВР.

Одделот постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршење на посебните должности и овластувања и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи.

Главен предизвик за Министерството за внатрешни работи како клучна институција за откривање на случаите поврзани со корупција, како и нејзино спречување подразбира навременото детектирање и идентификација на ризиците од корупција, како и навременото откривање, документирање и докажување на коруптивните однесувања во кои биле вклучени овластени службени лица.

Основна цел на Министерството за внатрешни работи во борбата против корупцијата е нејзино намалување и постигнување на антикорупциска култура кај вработените, градење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи согласно европските стандарди, подигнување на свеста на вработените преку соодветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

Во оваа насока, во програмските активности за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, за 2025 година се содржани систем на превентивни и репресивни мерки и активности за остварување на поставените цели.

Граѓаните имаат право да поднесат претставка до Министерството односно до Одделот, заради заштита и остварување на своите права и кога сметаат дека со постапувањето на работникот во Министерството се повредени нивните слободи и права. За извршената проверка на наводите во претставката Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рок не подолг од 30 дена од приемот на претставката во писмена форма треба да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.

Антикорупциската борба во Министерството и полицијата во континуитет ќе биде насочена кон одржување на веќе постигнатите резултати и подигање на нивото на ефикасност. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со својата проактивна борба против корупцијата ќе презема мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивното однесување на вработените во Министерството и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај на незаконито и непрофесионално постапување на вработените во Министерството. Воедно, акцент на работата на Одделот ќе биде даден на доследно почитување на корпусот на човекови слободи и права согласно Уставот на Република Северна Македонија

и ратификуваните меѓународни договори од страна на вработените на Министерството и полицијата.

Имајќи ја предвид определбата за целосно остварување на превентивната функција, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе врши континуирани посети на сите организациски единици во МВР заради доследно применување на законските прописи, постапување согласно Етичкиот кодекс, подобрување на партнерскиот однос со граѓаните, како и целосно почитување на човековите слободи и права, а сè со цел улогата на полицијата да се реализира како сервис на граѓаните.

Врз основа на прибраните податоци, информации и сознанија до кои ќе дојде Одделот, ќе бидат преземени плански и организирани мерки и активности со цел документирање и докажување на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството.

Во текот на 2025 година, Одделот ќе продолжи со засилен интензитет да спроведува контроли врз работењето во организацските единици на МВР, со оглед дека од досегашните искуства истите во значителен обем имаа превентивна улога и тоа пред сè врз подобрување на професионализмот во постапувањето на вработените. Акцент на контролите во однос на професионализмот во постапувањето на полициските службеници ќе биде даден на почитувањето на човековите слободи и права при примена на полициските овластувања, пред сè преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива.

## 2. Програмски активности

Работата на Одделот за внатрешна контрола, криманилистички истраги и професионални стандарди во 2025 година ќе се фокусира на следните приоритети:

- Јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи, процена на ризик на интегритет и мерки за негово надминување;
- Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025;
- Дигитализација на работните процеси во Министерството за внатрешни работи;
- Доследно спроведување на принципот на професионализам во Министерството за внатрешни работи со строго почитување на законската регулатива
- Континуирана и специјализирана обука на вработените во Одделот;

- Јакнење на институционална и меѓуинституционална соработка на Одделот;
- Интензивирање на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор;
- Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;
- Отчетност и транспарентност во работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди;
- Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
- Спроведување на мерки и активности во врска со претстојните локални избори.

## 2.1. Јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи

Интегритетот во полициското работење претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Кога станува збор за интегритетот на Министерството за внатрешни работи, фокусот паѓа на создавањето низа вредности и нивно интегрирање во постоечките подзаконски акти, соодветни стратегии, планови и други прописи кои се однесуваат на корупцијата и коруптивното однесување.

Полицискиот интегритет наложува полициското работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се транспарентност, непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права. Полицијата треба да промовира интегритет на сите нејзини нивоа, а полицискиот службеник со интегритет потребно е да претставува пример во средината бидејќи тој е клучот во борбата против корупцијата и заштитник на човековите права. Полициски службеник со интегритет потребно е да поседува знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на воспоставените правила и процедури што ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста. Личниот интегритет на полицискиот службеник го одразува интегритетот на Министерството за внатрешни работи, па оттука од голема важност е и интегритетот на раководниот кадар преку наметнување на високи професионални вредности да се овозможи доследно почитување на правилата и прописите при извршување на работните задачи од

страна на вработените во Министерството.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е организациска единица во Министерството за внатрешни работи задолжена за следење на активностите поврзани со Акциониот план за имплементација на обврските на Министерството, кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – Петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритет кој централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

Со цел воспоставување на правила за однесување за време на извршување на работните задачи, меѓусебните односи, односот кон граѓаните и заштита на јавниот интерес, а следејќи ги препорајките дадени од ГРЕКО, во Министерството за внатрешни работи донесен е Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството во кој се консолидираа одредбите за етичките прашања и се понудија практични насоки во делот на полицискиот интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција. За да се спречи појавата на корупциски дејствија помеѓу полициските службеници, не е дозволено барање или прифаќање на подароци (стоки и услуги или други добра) кои се наменети за нив лично или нивните семејства доколку нивното нудење или доделување е директно или индиректно поврзано со нивната професионална дејност.

Во оваа насока, планирани се активности за реализација на препораките со дефинирани носители и временска рамка.

Врз основа на одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството, Министерот за внатрешни работи овласти лице за давање совети за интегритет, судир на интереси и примање на подароци, чии податоци се јавно објавени на веб страницата на Министерството за внатрешни работи. Исто, така, имајќи предвид дека високиот полициски интегритет е токму основата на ефективната борба против криминалот и корупцијата, Министерот за внатрешни работи потпиша Политика за интегритет која е јавно објавена на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Исполнувајќи ги препораките од ГРЕКО со кои се препорача секој орган на државна управа да донесе подзаконски акти со кои детално ќе се уреди материјата поврзана со судир на интереси и примање на подароци, Министерот за внатрешни работи донесе Упатство за начинот на постапување на избраните и именувани лица и работниците во Министерството за внатрешни работи со цел спречување на судирот на интереси во Министерството за внатрешни работи бр.13.1.1-74120/1 од 28.05.2023 година и Упатство за начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Министерството за внатрешни работи бр.13.1.1-74117/1 од 28.05.2023 година.

Потребно е вработените во Министерството да имаат висок степен на познавање на Етичкиот кодекс, а со цел обезбедување на законитост, професионален и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на работните задачи, како и почитување на човековите права, преку еднаков третман и недискриминација.

Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човекови права во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, континуирано спроведува обуки на сите вработени во Министерството за внатрешни работи за сите теми кои се однесуваат на спроведувањето на системот за интегритет во Министерството како основна премиса во борбата против корупцијата, со посебен акцент на подигање на нивото на професионалниот интегритет на вработените, спречување на судир на интереси и примање на подароци, охрабрување на вработените од Министерството за внатрешни работи, да пријавуваат казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

## 2.2. Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, согласно надлежностите, во 2025 година ќе продолжи со сузбивањето на корупцијата преку соодветни мерки на превентивен и репресивен план. Во периодот кој претстои интензивно ќе се работи на спроведување на мерките и активностите предвидени во Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 година, при што детектирани се шест области од работењето на МВР кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа:

-ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл.;

- ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција;
- ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања;
- ризици во областа на спроведување на јавните набавки;
- ризици во областа на управувањето на со човечки ресурси;
- ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на МВР.

Во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се сет мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акциониот план исто така се предвидени индикатори и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати.

Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на МВР.

Во насока на спроведување на мерките предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во текот на 2024 година спроведени се 10 обуки во 15 организациски единици на кои беа присутни 196 слушатели, а со цел јакнење на интегритетот на вработените во управните служби, сообраќајна полиција, гранична полиција, Одделението за спроведување на јавни набавки, како и намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициски овластувања од страна на полициски службеници. На овие обуки, посебно внимание се посвети на запознавање на вработените со одредбите од Етичкиот кодекс, Законот за заштита на укажувачи, стандардите на системот за интегритет, примање подароци, судир на интереси и слично.

Во смисла на спроведување на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025, од страна на работниците на Одделот, ќе се продолжи со реализација на веќе започнатите процеси на одржување обуки кои опфаќаат запознавање на вработените во Министерството со системот на интегритет во МВР, одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на работниците на МВР, Законот за заштита на укажувачи и други прашања од областа на интегритетот во работењето на Министерството за внатрешни работи.

На почетокот на 2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди изработи Антикорупциска програма за 2025 година.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица да го следи спроведувањето на Акцискиот план за реализација на Планот за интегритет 2023-2025 и во текот на 2025 година ќе ги преземе потребните мерки и активности со цел реализација на планот, а заради постигнување на крајната цел, а тоа е зајакнување на интегритетот на сите работници во Министерството за внатрешни работи и сузбивање на коруптивното однесување во редовите на Министерството.

## 2.3. Дигитализација на работните процеси во Министерството за внатрешни работи

Дигитализацијата како приоритет подразбира постигнување на висок степен на модернизација на земјата преку користење на информатички технологии во приватниот и јавниот сектор. Дигиталните системи овозможуваат анализа на податоците во реално време, што води кон подобро стратешко одлучување.

Дигитализацијата на дел од процесите во надлежност и во рамки на Министерството за внатрешни работи ја подобрува ефикасноста при работењето,

ги забрзува процесите, го намалува човечкиот контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува интеракцијата помеѓу учесниците и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривањето на корупција.

Дигитализацијата на работни процеси може да доведе до засилена одговорност и да обезбеди можност за подоцнежна контрола во употребата на дискреционите овластувања како и до нивно намалување. Со автоматизација или компјутеризација на работните процеси може да се подобри ефикасноста и ефективноста и да се отстрани голем дел од можностите за корупција.

Министерството за внатрешни работи и понатаму ќе се стреми кон највисок степен на автоматизација на работните процеси и кон постојано ревидирање на функционалноста на компјутерските апликации кои се во употреба.

Институциите во јавниот сектор исто така треба да ги следат правилата и прописите за ефикасно архивирање на поднесените документи, што е исто така клучно за отчетноста на институцијата кон граѓаните и нивните барања. Коректното водење со евиденцијата е суштествено за да и се влезе во трага на корупцијата. Јавниот пристап до информациите ја налага потребата од добар систем за раководење со евиденцијата во согласност со Процедурата за канцелариско и архивско работење.

Во таа насока, во соработка со ИЦИТАП програмата при Амбасадата на САД во Скопје, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во текот на 2025 година ќе спроведе целосна дигитализација на работните процеси со цел олеснување на пристапот на граѓаните или работниците кои сакаат да пријават незаконито и непрофесионално однесување од страна на работници во Министерството.

### 2.4. Доследно спроведување на принципот на професионализам во Министерството за внатрешни работи со строго почитување на законската регулатива

Во текот на 2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе презема активности во насока на подобрување и унапредување на професионалното постапување на вработените во Министерството преку:

- спроведување на постапки за утврдување на повреди на законските прописи и подзаконските акти при вршење на работите во Министерството и доколку утврди такви повреди ќе поднесува предлози за поведување на постапки за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина до Одделот за дисциплиски и судски постапки, согласно Законот за внатрешни работи и Колективниот договор;
- спроведување на постапки за утврдување на злоупотреби и пречекорувања на службените овластувања од страна на вработените во организациските единици

на Министерството и во такви случаи ќе поднесува кривични пријави и други поднесоци до надлежните јавни обвинителства;
- спроведување постапки за утврдување на фактичка состојба по претставки и поплаки или на друг начин пријавени настани од физички и правни лица кои се однесуваат на работењето и постапувањето на вработените во организациските единици на МВР и преземање на конкретни мерки по констатирани повреди и неправилности во нивното работење.

## 2.5. Континуирана и специјализирана обука на вработените во Одделот

Во Министерството за внатрешни работи редовно се спроведува континуирана и специјализирана обука на вработените со цел поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, извршување на работните задачи професионално, политички неутрално и непристрасно.

Обуките се спроведуваат за сите вработени во Министерството независно од полот, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Организациските единици задолжени за изготвување на годишните програми за обука на вработените во Министерството имаат обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување.

На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на коруптивното однесување во сопствените редови. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат етички и морални вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

Способноста и стручноста на вработените во Министерството за внатрешни работи го одредува капацитетот на Министерството за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја генерираат нејзината појава и враќање на довербата во институцијата.

Исто така и на полето на заштитата на човековите права од страна на Одделот во континуитет се преземаат активности за стручно усовршување на вработените.

Во текот на 2025 година се планира да се спроведат обуки од областа на водење на криминалистички истраги во соработка со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот кривичен суд, обуки за вршење на внатрешна контрола и контрола на професионалните стандарди, како и обуки за спроведување на постапките за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина.

За успешно спроведување на обуките на вработените во Одделот ќе се оствари блиска соработка со домашни и странски експерти од ОБСЕ-Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Советот на Европа, Европската Унија, ИЦИТАП програмата при Амбасадата на САД во РСМ, DCAF Женевскиот центар за

безбедност, ЦИДС-Центарот за интегритет во одбранбениот сектор при Кралството Норвешка, Центарот за обука во МВР, а во зависност од потребите ќе се соработува со соодветните државни институции.

### 2.6. Јакнење на институционална и меѓуинституционална соработка на Одделот во борба против корупција, незаконско и непрофесионално постапување

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како организациска единица задолжена за справување со корупцијата во редовите на Министерството и во текот на 2025 година ќе продолжи да соработува со организациските единици во Министерството, пред се со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Бирото за јавна безнедност.

Во континуитет ќе се работи на унапредување на соработката со Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупција, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, како и соработка на Министерството за внатрешни работи со други министерства, државни органи и институции за борба против корупцијата и криминалот воопшто. Соработката треба да служи како базична основа и водечка сила на институциите во борба против корупцијата.

Меѓуинституционалната соработка преку заеднички и унифициран пристап има голема улога во борбата против корупцијата и криминалот. Во таа насока потребно е јакнење на капацитетите на соодветните организациски единици во Министерството за борба против корупцијата за што од голема важност е навремената размена на информации со канцеларијата на Јавниот обвинител.

И во текот на 2025 година ќе продолжи функционалната соработка на Одделот со Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и затворска полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предложените активности се насочени кон подигнување на нивото на професионалност во Министерството за внатрешни работи и во другите институции со кои Министерството работи и комуницира на дневна основа, стручна подготовка на нивните вработени, креирање критична маса на свесност во јавноста, одговорност кај засегнатите институции и долгорочно подобрување на нивото на комуникација меѓу релевантните чинители.

### 2.7. Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор

Народниот правобранител и невладиниот сектор претставуваат значаен фактор во заштита на корпусот на човекови слободи и права и даваат правна помош на граѓаните во случаи каде институциите на државата ги повредиле слободите и правата на граѓаните.

Тргнувајќи од заедничките цели за заштита на човековите слободи и права, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе ја интензивира и зајакне соработката со Народниот правобранител, невладиниот сектор и граѓаните, преку учество и организирање на заеднички работилници, тркалезни маси, обуки и слично.

Во насока на продлабочување и унапредување на соработката со Народниот правобранител и разгледување на одредени состојби кои се констатираат во извештаите на Националниот превентивен механизам, со претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе се спроведуваат заеднички ненајавени контроли во полициските станици од општа надлежност заради увид во просториите за задржување и во евиденциите за приведени и задржани лица, а се со цел намалување на ризиците од тортура и други форми на сурово, нечовечно или понижувачко постапување.

## 2.8. Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица превенира, констатира и санкционира случаи на корупција и коруптивно однесување на вработени во Министерството и полицијата, за што посебно внимание посветува на соработката со сродните служби од регионот и пошироко во насока на размена на искуства и добри практики.

Во 2025 година предвидено е продолжување на ваквата соработка со цел примена на најдобрите европски практики во борбата против корупцијата, како и продолжување и интензивирање на соработката со ЕРАС – Европски партнери за борба против корупцијата и NERCISU – Мрежа за јакнење на соработката на службите за внатрешна контолрола од регионот. Одделот ќе ја продолжи и веќе воспоставената соработка со ИЦИТАП програмата на Амбасадата на САД во РСМ, со Советот на Европа, преку нивната канцеларија во Скопје, со Европската Унија преку канцеларијата на Делгацијата на ЕУ во РСМ, со ОБСЕ мисијата во Скопје и други странски партнери со кои редовно остварува соработка.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е активен во сите форми на заемна соработка помеѓу сродни служби од регионот, а ваквата пракса ќе ја продолжи и во наредната година, преку иницирање регионална и билатерална соработка за борба против корупцијата со потпишување на меморандуми за соработка со земји со кои се уште немаме потпишано и воведување на европски стандарди во работењето.

## 2.9. Отчетност и транспарентност во работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

Активностите за подобрување на пристапот до информации треба да се насочат кон редовното ажурирање на веб страницата на Министерството за

внатрешни работи и тоа преку објавување на извештаи за постигнати резултати и ефикасност во работењето, статистики, правилници и други информации од интерес за јавноста.

Транспарентноста се согледува преку овозможувањето на граѓаните да бараат и да добиваат информации за работењето на Министерството за внатрешни работи, односно преку обврската на Министерството за внатрешни работи да ги доставува и објавува тие податоци. Транспарентноста за работата на Министерството за внатрешни работи треба да се однесува за сите прашања од делокругот на надлежностите на институцијата, која подразбира дека на јавноста и треба да и се лесно достапни политиките, законите, стратешките документи и информациите за донесените одлуки и активности, со што се олеснува процесот на информирање и за граѓаните и за институцијата.

Согласно Програмата на Владата на РСМ и Стратешкиот план на МВР за градење на транспарентен систем на односи со граѓаните, Одделот ќе презема активности за зголемување на степенот на отчетност и транспарентност во работењето.

Отчетноста за работењето значи дека се прифаќа да се даде одговор на прашањата за одредени одлуки и дејствувања од страна на Одделот, а со цел да се спречат злоупотреби на службените овластувања, да се унапреди полициskиот интегритет и да се зголеми довербата на граѓаните во полицијата.

За остварување на оваа цел потребно е информирањето на јавноста за работата на полицијата да биде на отворен и коректен начин за сите прашања од делокруг на надлежностите на Одделот.

Транспарентноста во работењето подразбира дека на јавноста ќе и бидат лесно достапни политиките, законите и информациите за донесените одлуки и активности на полицијата. Информациите ќе бидат навремени, релевантни и со добар квалитет.

Одделот и во 2025 година, ќе продолжи со објавување на резултатите на Одделот од извршените истраги за пријавени настани поврзани со незаконите, непрофесионално и неетичко постапување на работниците од МВР и истите ќе бидат објавувани во електронските медиуми.

Исто така, Одделот ќе продолжи редовно да ги објавува извештаите за работата на Одделот, програми и други стратешки документи кои Одделот ги изработува на веб страницата на МВР.

## 2.10. Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

Во рамките на својот делокруг на надлежности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врши внатрешна контрола која претставува преземање на активности од страна на работниците на Одделот при постапување по примен усен или писмен поднесок поднесен од граѓанин или друг субјект, заради утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во неа и давање предлог за поведување на постапка за

утврдување одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина и за утврдување на материјална, професионална, прекршочна или кривична одговорност на работниците во сите случаи на нивно незаконито постапување.

Спречувањето и контролата на корупцијата можат да бидат потпомогнати од различни механизми за мониторинг и за контрола, како што се плановите за внатрешни проверки и внатрешна и надворешна контрола.

Проценувајќи ја соодветноста и ефективноста на контролните механизми во однос на спречување и минимизирање на ризиците, внатрешната контрола во своите извештаи во наодите укажува на ризиците, односно на несаканите настани кои може да се активираат како последица на несоодветни и неефикасни контролни механизми. Препораките во извештаите најчесто се насочени кон зајакнување на постојните контролни механизми или воведување на нови контроли.

Оттука, во текот на 2025 година, Одделот ќе посвети особено внимание на спроведување на внатрешни контроли, како важна алатка за откривање на коруптивни практики и оценка на ефикасноста и ефективноста во работењето на работниците на МВР.

### 2.11. Спроведување на мерки и активности во врска со претстојните локални избори

Во однос на одржувањето на претстојните локални избори во 2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе презема активности насочени кон подготовка, планирање и оформување на тимови од вработени во Одделот, кои ќе го следат изборниот процес согласно надлежностите.

Истовремено, ќе се преземаат мерки за секое нарушување на изборниот процес или несоодвено постапување на вработени во МВР и доколку се утврди инволвираност на вработени, случајот ќе биде документиран и соодвено процесуиран.

## 3. Спроведување на Програмата за работа

### 3.1. Цел на програмата:

Зголемена ефикасност во откривање на непрофесионално, незаконито и неетичко постапување на работниците на МВР преку:

-идентификување и справување со корумпираните полициски службеници;

-сеопфатна истрага на претставките/поплаките;

-идентификување на организациски единици каде најчесто има случаи на основани претставки/поплаки;

-кои однесувања на вработените се најчесто предмет на претставки/поплаки;

-остварување на работни средби со раководниот кадар во полициските станици и други организациски единици кои ги применуваат полициските овластувања;

-организирање на работилници со полицискиот состав со цел потсетување на неопходноста од почитување на човековите права при постапувањето;

-континуирана и специјализирана обука на вработените во Одделот;

-висока професионалност при обавување на разговори со полициските службеници и со граѓаните кои пријавуваат непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници;

-преземање мерки и активности за зголемување на свесноста кај полициските службеници за доследно почитување на законските и подзаконските прописи и да им биде укажано за можните последици од нивното незаконско и непрофесионално постапување и сл.

**3.2. Очекувани резултати:**

- Подигање на свеста кај работниците на МВР од потребата за доследно почитување на професионалните стандарди во постапувањето,

- висок степен на професионален интегритет во работењето,

- почитување на авторитетот на претпоставените и јакнење на сопствениот авторитет,

- етичко постапување при контактите со граѓаните,

- еднаков и недискриминирачки однос кон сите граѓани,

- доследно почитување на издадените наредби и инструкции,

- почитување на начелото на доверливост во работењето, дискреција и одговорност,

- висок степен на почитување на човековите права од страна на полицијата.

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Ивица Станковски**